Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002), член 11 став 1 алинеа 4, член 141 и член 142 од Законот за социјалната заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 104/19 и 146/19), Советот на Општина Делчево на предлог на Градоначалникот, на својата 30 редовна седница одржана на ден 21.10.2019 година ја донесе следната

ОДЛУКА

за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Делчево

Член 1

За остварување на дејноста на социјалната заштита во Општина Делчево и развивање на локални мерки и активности за социјална заштита согласно Законот за социјалната заштита, се формира Совет за социјална заштита на Општина Делчево.

Член 2

Советот за социјална заштита на Општина Делчево се формира во следниот состав:

- ***Сузана Петровска***, претставник од Општина Делчево,
- ***Лилјана Даневска Богдановска***, претставник од ПС- ОН Делчево,
- ***Кристина Аралампиевска***, претставник од Основно јавно обвинителство Делчево,
- ***Др Маја Стоименовска-Цветковска***, претставник од ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев„ Делчево,
- ***Влатко Митев*** , претставник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево
- ***Билјана Прачкоска***, претставник од Центар за вработување Делчево,
- ***Весна Димитровска***, претставник од СОУ „М.М.Брицо„ Делчево,
- ***Маријана Стоименовска***, претставник од ООУ „Ванчо Прке„ Делчево,
- ***Верица Боинска***, претставник од ООУ „Св.Климент Охридски„ Делчево,
- ***Билјана Ѓеоргиевска***, претставник од Црвен крст на Република Северна Македонија Општинска организација Делчево,
- ***Зоран Биковски***, претставник од НВО КХАМ Делчево,
- ***Ерој Николчо Воиновски***, претставник од Македонска Православна Црква –Охридска Архиепископија „Успение на Пресвета Богородица„ Делчево и
- ***Неџбедин Мемедов***, претставник од Исламска Верска Заедница Џамија „Фатих Мехмед II„ Делчево

Член 3

Советот за социјална заштита на Општина Делчево ги има следните надлежности:

- изготвува Социјален план за подрачјето на Општина Делчево, врз основа на кој план Градоначалникот на Општина Делчево изготвува Годишна програма за социјална заштита, која ја донесува Советот на Општина Делчево по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика на РСМ,

- предлага локални мерки и активности за социјална заштита.

Член 4

Мандатот на членовите на Советот за социјална заштита изнесува 4 (четири) години сметано од денот на донесувањето на Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09-1986/1

21.10.2019 г. Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател

Драган Маневски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002), член 11, член 141 и член 142 од Законот за социјалната заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 104/19 и 146/19), Советот на Општина Делчев, на својата 48. редовна седница одржана на ден 29.12.2020 година, ја донесе следната

ОДЛУКА

За измена и дополнување на

Одлуката формирање на Совет за социјална заштита на Општина Делчево

Член 1

Во Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Делчево, бр. 09-1986/1 од 21.10.2019 година, се менува членот 2, став 1 алинеја 4 и алинеја 13.

Имено, во член 2, став 1 алинеја 4-се разрешува ***Др Маја Стоименовска-Цветковска***, претставник од ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев„ Делчево и на наејзино место се именува ***Др Даниела Цветковска.***

Во член 2, став 1 алинеја 13-се разрешува ***Неџбедин Мемедов***, претставник од Исламска Верска Заедница Џамија „Фатих Мехмед II„ Делчево и на негово место се именува ***Сефадин Селимовски.***

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Бр.09-2148/1
29.12.2020 год.
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002), член 11, член 141 и член 142 од Законот за социјалната заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 104/19 и 146/19), Советот на Општина Делчев, на својата Трета редовна седница одржана на ден 28.12.2021 година, ја донесе следната

ОДЛУКА

За измена и дополнување на

Одлуката формирање на Совет за социјална заштита на Општина Делчево

Член 1

Во Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Делчево, бр. 09-1986/1 од 21.10.2019 година, се менува членот 2, став 1 алинеја 4.

Имено, во член 2, став 1 алинеја 4-се разрешува ***Др Даниела Цветковска*** претставник од ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев„ Делчево и на нејзино место се именува ***Д-р Христина Смиљкова Митевски***.

Во член 2, став 1 алинеја 6-се разрешува ***Билјана Прачкоска*** претставник од АВРМ Центар за вработување Делчево Делчево и на наејзино место се именува ***Сања Костадиновска***.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Бр.09- 2536/1
28.12.2021 год.
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ДЕЛЧЕВО